УДК: 351.778.5:550.34(497.711)"1963"
338:351.778.53(497.1)"1947/1951"

Александар Андонов
aleksandar7andonov@gmail.com

# СТАНБЕНОТО ПРАШАЊЕ И СКОПСКИОТ ЗЕМЈОТРЕС

*Апстракт.* – Станбеното прашање претставувало акутен проблем на социјалистичка Југославија. Условите за домување и станбената политика, преставуваат основни услови за бројни економски и општествени процеси. Изложувањето на условите за домување и анализа на станбената политика на Југославија, низ необјавени архивски материјали, релевантна литература, запишани сведоштва и периодика овозможува детален увид во овој важен сегмент од секојдневниот живот во социјализмот. Начинот на кој, поплавата, а особено скопскиот земјотрес влијаеле врз развојот на станбеното прашање во Скопје е тесно поврзано со разрешувањето на ова прашање, посебно поради обемот на урнатини предизвикани од земјотресот. Влијание врз процесот на обнова имале и внатрешните процеси во федерацијата, но и сложената геополитичка ситуација, кои врз Скопје делувале како катализатор при обновата.

*Клучни зборови.* – земјотрес, станбен фонд, обнова, Скопје, дом.

## ВОВЕД

Катастрофалниот земјотрес кој го погодил Скопје на 26 јули 1963 година, однел голем број на животи и предизвикал застој во стопанскиот развој на социјалистичка Македонија. Разорниот потрес уништил голем дел од стопанските општествени капацитети, а посебно пострадал станбениот фонд, кој во тој период претставувал еден од најакутните проблеми на целото југословенско општество. Југославија во 1955 година прифатила попрагматичен курс на реализација на станбената политика, по периодот на тврдиот догматски приод кон прашањето. Таквиот догматски приод предизвикал пад, на и онака катастрофалната состојба со

домувањето, за што периодот од 1955 до 1963 година, не бил доволен да се санираат штетите.

Во услови на погрешно водена станбена политика и големи оштетувања на станбениот фонд, предизвикани од скопскиот земјотрес, кој се случил во доцно лето, пред младата македонска република и нејзиното кревко стопанство се исправил сериозен предизвик – чии крајни консеквенци биле потенцијална хуманитарна катастрофа.[1] Санирањето и градењето на нови станбени капацитети за главниот град на СР Македонија, претставувале грижа и на целата федерација, која сесрдно помогнала во надминувањето на овој тежок предизвик. Покрај домашните капацитети, огромнен придонес за надминување на овој проблем, претставувала и странската помош, која се однесувала на монтажни објекти.[2]

Со интензивираната градежна активност во Скопје, проблемот со домувањето започнал да се надминува и отворил нови перспективи кон развојот на градот. Политичкото раководство на државата и покрај сесрдната помош, во наредните шест години по земјотресот интензивно се занимавало со подобрување на состојбите и станбените прилики на граѓаните.

## СТАНБЕНОТО ПРАШАЊЕ ВО ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ОПШТЕСТВО

Петогодишниот економски развоен план предвиден за периодот од 1947 до 1951 година, бил насочен кон активна индустријализација на земјата, а посебно во фокусот била тешката индустрија.[3] Станбената политика, врамена во тврда идеолошка рамка, во однос на петогодишниот план, била третирана како буџетска ставка на трошок.[4] Односно изград-

---

[1] Членот 25 од Универзалната Декларацијата на човекови права, усвоена од Генералното Собрание на Обединетите Нации, во 1948 година, го гарантира неприкосновеното човеково право на домување. – https://www.un.org/en/about-us/universal-declaration-of-human-rights, пристапено на 6.6.2025.

[2] Andonov, A. "60th anniversary of the Skopje earthquake, the city of international solidarity". *Solidarity – from overcoming crisis to sustainable development*, (2023), 97–104.

[3] Petranović, Branko. *Istorija Jugoslavije 1918–1988, treća knjiga, socijalistička Jugoslavija 1945–1988*, Nolit, Beograd, 1988, 80–100.

[4] Petrović, Mina. *Sociologija stanovanja, stambena politika: izazovi i mogućnosti*, Institut za sociološka istraživanja Filozofskog fakulteta u Beogradu, Beograd, 2004, 68. – Станбената политика била идентична во сите земји на таканаречените „народни демократии", а истата била производ на советскиот модел. Овој модел на станбена политика ги оптоварувал државите со 3 до 5 % од годишните буџети.

бата на становите правно регулирано, било обврска и должност на државата. Уставот од 1946 година правото на приватна сопственост го дефинирало исклучиво формално, бидејќи не се дозволувала приватна изградба на нови станбени објекти, практично она што било во приватна сопственост, врз основа на друго законско решение било подложно на ефективна конфискација и национализација.[5] Идеолошката компонента во станбенота политика се состоела во усвојување на „советскиот модел" на разрешување на ова горливо прашање.[6] Кое Милован Ѓилас го промовирал како идеолошко правилно решение на станбениот проблем.[7] Напуштањето на советските политички концепции, со што се започнало по 1948 година, резултирале со измена на голем број политички и правни решенија, кои влијаеле и врз промена на политиката кон станбеното прашање. Проектот на монтажни станови, кој во значителна мерка бил неуспешен и монополизираното право на државата да биде единствен градител, во 1955 година дефинитивно биле напуштени и повторно било овозможено приватно градење на станбени објекти.[8] Иако правните пречки биле надминати, сепак приватната градба, сè до економските реформи во почетокот на 60–тите претставувало тежок про-

[5] Dobrivojević, I. "Stambene prilike u jugoslovenskim gradovima 1945-1955", *Istorija 20. Veka* (2012/2), 116.

[6] Советскиот модел преставувал ставка во петогодишниот план, со која се предвидувало изградба на 100.000 станови, ширум Југославија. За реализација на овој план властите предвидела изградба на 75 фабрики, за изградба на монтажни елементи за згради. Планот бил максимално популаризиран во домашниот печат и претставен пред јавноста, како издржано решение на станбениот проблем. Исто така во планот бил предвиден и ангажман на 80.000 работници, а за монтирање и инсталација на монтажните елементи омладинските бригади. Монтираните станови биле исти, односно сериски и индустриски произведени, што алудирало на еднаквост и во склад со комунистичките принципи на народна еднаквост. Сепак проектот пропаднал, пред се како резултат на слабиот квалитет на зградите и непрофисионалната изведба на инсталацијата, при која настанале големи штети врз монтажните елементи. – Dobrivojević, Stambene prilike, 118.

[7] Милован Џилас, за разрешување на состојбата со слабите станбени капацитети, се инспирирал во Советскиот Сојуз, каде при патување, ќе се запознае со типските згради, кои ги произведувал СССР. Овој модел го воодушевил Џилас, кој освен дом за секој граѓанин, сметал дека живеењето во типски објекти допринесува за еднаквост на масите. Ѓилас станбеното прашање го искористил, како критика кон системот и во рамки на статиите во весникот „Борба", кој ги објавувал во перидот есента/зимата 1953/1954 година, а токму поради овие натписи ќе ја загуби политичката моќ во општеството. – Đilas, Milovan. *Druženje s Titom*. Svedočanstva, Beograd, 1980, 65; *Борба*, 15 новембар 1953, 3.

[8] Dobrivojević, Stambene prilike, 128–129.

цес, обременет со голем степен на бирократизам.[9] Најтешкиот дел, покрај добивањето на бројни дозволи за градба, претставувало добивањето на кредит, за кој пред се било потребно учество. Граѓаните биле должни да обезбедат најмалку 25 % од износот на кредитот, доколку се работело за индивидуален дом. За изградба на семејни згради, типични за градската архитектура во социјалиситчките градови,[10] семејството било должно да обезбеди 30% учество. Додека за одредени категории на вработени, како оние во секторот на надворешната трговија за изградба на приватен дом било предвидено 40 до 50 % од износот на кредитот.[11] Повеќето од граѓаните, решението го гледале во општествените станови. Со воведувањето на самоуправувањето и обврската за одвојување на средства на работните организации за станбениот фонд, започнало постепено да се разрешува станбеното прашање.[12] Сепак разрешувањето не одело лесно, а процесот на добивање стан бил попречен од изигрување на правилниците за бодување и валоризирање, врз основа на кои се доделувале изградените станови за дадената година. Дополнително распределбата на становите се одвивала на четри категории во работните организации и тоа: службеници и работници, помеѓу кои имало најголема разлика во распределбата на становите; како и стручниот или дефицитарен кадар, кој со правилникот имал предност ѝ раководните кадри, кои исто така биле во повластена позиција при распределбата на становите.[13]

Економската политика на забрзана индустријализација, која не одела сразмерно со политиката кон селото и неумерената деаграризација,[14] предизвикувале засилена миграција на релација село–град.[15] Забрзаната урбанизација вршела најголем притисок врз станбеното пра-

---

[9] Милановска, Б. "Станбената политика и домувањето во социјалистичка Македонија", *ЕтноАнтропоЗум*, (2017), 254–256.

[10] Тимотијевић, Милош. *Модернизација балканског града (1944–1989): Компаративна анализа развоја Чачка и Благоевграда у епохи социјализма*, Народни Музеј Чачак, 2012, 296–298; 320–325.

[11] *Борба*, 18 јануари 1960, 4.

[12] Petrović, Mina. *Sociologija stanovanja*, 70–71.

[13] Архив на Југославија (понатаму: АЈ), ф. Савез синдиката Југославије (117), кут. 416, а.е. 18.

[14] Ачкоска, Виолета. *Аграрот и селото во Македонија 1945–1955*, Докторска дисертација, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски Факултет, Скопје, 1993, 328–340.

[15] Илиевски, Борче. *Етничките и демографските промени на територијата на денешна Република Македонија во периодот 1912–1994, низ статистички податоци и архивски материјали*, Докторска дисертација, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски Факултет, Скопје, 2007, 340.

шање.[16] Потребата за брзо зголемување на станбените капацитети биле поттикнати од: развојот на индустријата; урбанизација на земјата; неповолните услови во земјоделието; запазување на стандардот на работникот, согласно идеолошките заложби;[17] а во Скопје ѝ од поплавите во 1962 година, која исто така оштетила дел од станбените капацитети.[18] Промената на државниот модел, кој по однос на станбеното прашање, се огледал во дозволата за приватни градби, бил видлив со стапката за раст во 1957 и 1959 година, која изнесувала околу 13 %.[19] Порастот на платите за 150% од 1953 до 1963 година, но и поскапувањето на цените за 80%, говори за растот на стандардот, но и условите, при општо зголемување на цените, за југословенскиот работник во обидот да го реши станбеното прашање.[20] Со промената на Законот за станбени односи во 1959 година,[21] работниците и синдикатите изразувале поголема надеж за олеснување на процесот за добивање на стан, бидејќи со законот станбеното право било дефинирано како основен услов за живот – што било толкувано како обврска на целата заедница.[22]

Важноста на соодветно решавање и овозможување на пристојни станбени услови за граѓаните, било еден од основните предуслови за нормално регулирање на социјалните состојби.[23] Дотолку повеќе за една

---

[16] Во 1953 година во Југославија градското население изнесувало 21,7%, а во 1963 година градското население броело 28,3 %. Урбанизацијата во Македонија земала нешто поголем размер, а тоа се должело на неколку сегменти, меѓу кои и преселувањето на турското население во текот на 50тите години. Во 1953 година 26% од населението на СР Македонија живееле во градови, а во 1961 година овој процент се искачил на 34,9%. – Ginić, I. *Dinamika urbanizacije u Jugoslaviji*, Institut Društv. nauka (1971), 53.

[17] Marković, P. "Ideologija standarda jugoslovenskog režima 1948-1965." *Tokovi Istorije* (1996/1-2), 7.

[18] Радически, Н. "Поплавите во НР Македонија во 1962 година низ страниците на „Нова Македонија", *Историја/ Journal of History 57.1 (2022),* Здружение на историчари на Република Македонија, 253.

[19] Добривојевић, И "Југословени о сиромаштву 1964. Трагом једног документа," *Токови Историје* (2016/2), 200.

[20] Кежић, Д. "Политичке последице економских реформи 60-их година у СФРЈ. Од дезинтеграције економског система до конфедерализације Југославије (1961–1971),"Токови *Историје* (2017/2), 14-15; Marković, Predrag. Ideologija standarda, 19. – Платите на работниците, во период од 1953 до 1963, од 11.000 динари пораснале на 28.000 денари.

[21] Ђуровић, Р. "Утицај законодавства о грађењу и урбанизму на право својине на непрокетностима," *Анали Правног факултета у Београду, Вол. 13, Свеска 1–2,* (1965), 176.

[22] АЈ, ф. 117, кут. 417, 6–7.

[23] Petrović, Mina. *Sociologija stanovanja*, 5–12.

социјалистичка држава, која хуманизмот и човекот го ставала во центарот на социјалистичката мисла.[24]

Изразено во бројки, во однос на европскиот просек кој изнесувал помеѓу 15 и 23 м², во Југославија во 1950 година, просекот по глава на жител изнесувал 11,6 м².[25] Слабиот просек уште повеќе бил нарушен со погрешно водената станбена политика и недозволувањето за нови градби, со што во 1955 година просекот по глава на жител, опаднал на 8,7 м².[26] Главните градови на југословенските републики го имале следниот просек: Љубљана 14,4 м², Загреб 12,4 м², Сарајево 10,7 м², Белград 9,9 м² и Скопје со 8,2 м².[27] Помалите градови имале уште понизок просек, Ниш 8,8 м², Крушевац 6,1 м², Вуковар 10 м², Крањ 11,8 м² и Штип со 7,2 м². Бројките насекаде биле под европскиот минимум, додека 2,23 граѓани делеле по една просторија, а речиси во 30% од домаќинствата имало по две семејства.[28]

Во почетокот на 1960 година, Наум Наумовски – Борче, претседателот на Народниот Одбор за скопската околија, пред јавноста го презентирал планот за 1960 година, според кој било предвидено изграба на 1500 државни станови. Наумовски ја известил јавноста и за успехот во текот на 1959 година, со изградбата на 1200 државни и 200 приватни станбени единици.[29] Наумовски решението на станбеното прашање го гледал и во откупување на фабрички погон од Франција, за производство на монтажни елементи на станови, со повисок квалитет, според што државата требало да гради по два стана дневно. Неговиот заменик, Киро Анастасов се задржал на финансискиот план за станбеното прашање, според кој во текот на 1960 година, требало да се потрошат 2 милијарди динари, за изградба на 1000 стана, со што просечна вредност на стан би достигнала 2 милиони динари.[30]

---

[24] Program Saveza Komunista Jugoslavije, usvojen na sedmom kongresu SKJ, 22–26 april 1958, Komunist, Beograd, 1976, 235; 214–215.

[25] Во предвоена Југославија, просекот по жител бил околу 8 м² – Petranović, Branko. *Istorija Jugoslavije 1918–1988,* 421.

[26] Dobrivojević, Stambene prilike, 121.

[27] АЈ, Ф. Фонд за обнову и изградњу Скопља (526), кут. 1, 156.

[28] *Борба*, 7. децембар 1955, 7.

[29] За споредба во Загреб, во 1959 година, биле изградени 3000 стана. – *Нова Македонија,* 15 јануари 1960, 4.

[30] Поголемиот број на станбени капацитети и повисокиот просек по глава на жител, влијаеле и врз цените на становите кои во Загреб чинеле околу 1.400.000 динари. – Нова Македонија, 15 јануари 1960, 3–5.

Во почетокот на 1960 година, во Скопје, започнала и реализацијата на првата населба изработена по целосен урабанистички план, од страна на архитектот Воислав Мачкиќ.[31] Црниче која била изградена како модерна и функционална населба, претставувала и пример по кој Скопје требало да продолжи да се развива, населбата била предвидена за 5400 жители, во 760 станбени единици.[32]

Развивањето на станбените капацитети, бле прокламирани како една од најважните задачи на целото општество, а ваквите заложби пред првиот човек на партијата Лазар Колишевски, ги искажала Вера Ацева, во својство на преставник на ССРН на НРМ (Социјалистички Сојуз на работниот народ на Народна Република Македонија).[33] Непосредно пред земјотресот, во Скопје имало вкупно 36.578 станбени единици, со 1.630.609 м$^2$ или 44,5 м$^2$ во просек по станбена единица.[34] Бројот на жители изнесувал 198.173, со што во просек 5,5 жители живееле во една станбена единица. Еден од поголемите проблеми претставувал поделбата на 22% од станбените единици на две семејства.[35] Сепак и покрај посветениот ангажман за надминување на станбениот проблем, природната катастрофа, значајно го актуелизирала овој проблем, уште повеќе со опасноста жителите на Скопје зимата и есента 1963/1964 да ги поминат во шатори.

## ШТЕТИТЕ ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ И СТАНДАРДИТЕ ЗА НОВИТЕ НАСЕЛБИ

Првичните проценки на власта биле дека речиси 80% од станбениот фонд бил уништен.[36] Самото пристигнување на двете клучни политички личности во градот, Лазар Колишевски и Крсте Црвенковски, било со хелихоптер, што неминовно им оддало впечаток на огромни

[31] По изработка на урбанистичките планови на професорот Мачкиќ од Архитектонскиот факултет во Скопје биле направени населбите Тафталиџе, Буњаковец и Чаир. Исто така Мачкиќ ги изготвил и основните урбанистички планови за Струмица, Прилеп, Куманово и Кавадарци. – *Значајни личности за Битола*, НУУБ „Св. Климент Охридски“, Битола, 2010, 99-100.

[32] *Нова Македонија*, 10 јануари 1960, 10.

[33] *Нова Македонија*, 12 јануари 1960, 1.

[34] АЈ, 526, 1, 155.

[35] Државен Архив на Република Северна Македонија (ДАРСМ), ф. ЦК СКМ (427), кут. 145, *Втора седница на ИК ЦК СКМ, одржана на 26 април 1965*, а.е, 7, 104.

[36] АЈ, ф. 526, кут. 1, 53.

штети.[37] Првичниот шок бил огромен, но новата структура на власт во СКМ, бргу успеала да организира сеопфатна акција, за надминување на последиците од земјотресот. Во рамки на надминување на последиците, еден од најголемите фокуси биле врз станбеното прашање, особено во пресрет на зимата и можноста населението да остане во шаторски населби. Веќе пет дена по земјотресот, македонските власти, побарале од Сојузниот комитет за меѓународна помош, да бара од земјите донатори, монтажни објекти, потребни за сместување на жителите.[38] По воспоставувањето на шаторските населби,[39] било пристапено и кон институционален приод кон станбениот проблем, со формирање на Завод за обнова на станови, кој го предводел Коле Јордановски.[40]

За отпочнување на обновата било потребно мислење на експертите, но и прецизни чекори. Паралелно со расчистувањето на урнатините, овозможување на нормален тек на сообраќајот, сместување на населението во привремените населби, било потребно и прецизно одредување на штетите. Ваквата потреба поризлегувала од можноста, одреден дел од градбите да бидат обновени или пренаменети, а целиот ангажман зависел од создавањето на урбанистичкиот план, по кој обновата би била јасно прецизирана.

Кон крајот на септември 1963 год., Заводот за обнова на станови, со помош на сојузните органи и странските експерти изработиле прецизен извештај за штетите од земјотресот врз станбените капацитети. Притоа објектите ги бележеле како: срушени; црвени или многу оштетени; жолти со можност за поправка и зелени со помали штети:[41]

---

[37] Црвенковски, Крсте и Томовски ,Мирче, *Заробена вистина,* Култура, Скопје, 2003, 230–231; Филип, Јован. *Подводни гребени на политиката: разговори со Крсте Црвенковски,* Македонско радио, Скопје, 1993, 15–16.

[38] Државен Архив на Република Северна Македонија – Одделение Скопје (ДАРСМ-ОС), ф. Фонд за помагање на обновата на Скопје (79) кут. 1, 8–10.

[39] Населби биле формирани во: Градскиот Парк, Тафталице, Водно, Нерези, Жданец, клиничка болница, Вера Јоциќ, Колонија, Аеродром. Во шаторските населби биле сместени околу 100.000 жители . – ДАРСМ-ОС, ф. 18, кут. 1, 440–444.

[40] Коле Јордановски бил инженер и претседател на општинското собрание на Општина Идадија. Веднаш по превземањето на директорската функција во заводот, Јордановски започнал комуникација со Заводот за изградба во Белград и целиот процес на интензивна изградба на станбени капацитети која се одвивала од август 1963 до крајот на 1965, поминала во исклучителна кооперативна атмосфера. – ДАРСМ-ОС, ф. 18, кут. 1, 463; Јордановски, Коле. *Скопје: катастрофа, обнова, искуство,* Скопје, Матица македонска, 1993, 7–12.

[41] Неоштетени останале само 1.600 станбени објекти. – ДАРСМ, ф. 427, кут. 100, *56–та седница на ИК ЦК СКМ, одржана на 29 октомври 1963,* 107.

| | Домаќинства | Метри квадратни | Број на жители |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 34.978 | 1.550.609 | 173.073 |
| Срушени | 2.947 | 109.412 | 15.801 |
| Црвени | 11.759 | 462.828 | 67.213 |
| Жолти | 12.685 | 618.999 | 56.666 |
| Зелени | 6.666 | 307.183 | 37.575 |
| Необележани | 921 | 52.187 | 7.818 |

Дополнително во изградба биле 4080 стана со површина од 208.026 м$^2$. Врз кои исто така имало одредени оштетувања, но сепак со можност да се санираат.[42] Нешто порано со анализа на штети врз станбените капацитети излегол и Фондот за обнова и изградба на Скопје, според кој, црвено обележани биле 15.776 станбени единици, со жолта 13.730 и зелена 7082 станбени објекти.[43] Финалната проценка на штетите, а со тоа и обележување на станбените објекти, била одложена за подоцна, бидејќи се барало и мислење од странските експерти, заради можноста за санирање на одредени објекти, што значително го намалувало финансиот притисок.

Утврдувањето на штетите, со цел да се овозможи стручно мислење за кои згради се погодни, а кои не за санација, значело многу за обновата на станбениот фонд. Сепак големите оштетувања, процесот на проценка не го правеле есенцијален при обновата на станбениот фонд. Било потребно изградба на нови станбени капацитети, чие отпочнување било поврзано со создавањето на контурите на генералниот урбанистички план, според кој се одредило каде да се гради.

Детерминирањето на новите локации за населби, иако било тесно поврзано со изработката на урбанистичкиот план, кој бил плод на соработка на домашни и странски експерти,[44] сепак политичкото раководство уште во втората недела од трагедијата имало одредена визија за идниот развој на Скопје. Насоките кои активот на Извршниот Комитет ги издал, биле заклучоци, во чие изведување, покрај веќе споменатиот Коле Јордановски учествувале и Киријас Тиберие, Ката Лахтова и Душко

[42] АЈ, ф. 526, кут. 1, 155.

[43] АЈ, ф. 526, кут. 3, 51.

[44] Andonov, 60th anniversary of the Skopje earthquake, 101.

Анакиевски.[45] Заклучоците биле поврзани со: изградба на Ново Скопје; консултација со експерти за бележење на објектите; фокусот да биде на станбените објекти, а не на јавните згради, освен здравствените и образованите објекти; во потесното подрачје на Скопје да се забрани градење, се до носењето на урбанистичкиот план; забрана за обновување на станбени згради без соодветни дозволи од надлежните ѝ дозвола за изградба на диви и импровизирани објекти со цел краткорочно згрижување на семејството, кои биле целосно на товар на граѓаните и обележани како строго времени објекти.[46]

Со пристигнувањето на странските експерти заклучоците на партискиот актив, биле потврдени и во професионална мерка обработени, со што се пристапило кон утврдување на генералниот урбанистички план. Биле воведени и новитети во приоритетите, како итно регулирање на коритото на Вардар, без чија изградба, секоја санација била ризична.[47] Првите експерти кои пристигнале биле Жан Депере и Ернест Вајсман, ангажирани од УНЕСКО. Сеизмологот и експерт за градби на трусни подрачја, Депере, во интервју за „Нова Македонија", по кратката анализа на состојбата на теренот ги изнел своите видувања. Депере потврдил дека привремените населби треба да се поставуваат подалеку од централното подрачје, со цел да се овозможи негово идејно и квалитетно обновување. Депере советувал населбите да се градат долж реката Вардар, и на поголеми дистанци, со цел помеѓу нив да се остави простор за паркови ѝ индустриски капацитети. Во однос на санација на определени разрушени објекти, Депере истакнал дека е потребна внимателна анализа на состојбата на објектите, но подвлекол и дека објектите кои

---

[45] Новиот секретар на СКМ, Крсте Црвенковски, веднаш по земјотресот побарал кадровски промени кои се однесувале на именување на сеизмологот, Кирјас Тиберие за Секретар за градежништво и комунални прашања. Назначувањето на Ката Лахтова за Секретар за здравство и социјална политика и назначувањето на Благоја Попов за претседател на Градското собрание на Скопје. Душко Анакиевски, како познат економски експерт се истакнал при формирањето на Фондот за обнова и изградба на Скопје, преку кој на сојузно и меѓународно ниво биле собирани огромни средства, кои значително помогнале за успешно завршување на интензивните градежни активности кои следеле во Скопје. – ДАРСМ, ф. 427, кут. 99, 50–та седница на ИК ЦК СКМ, одржана на 12 август 1963, 15; ДАРСМ, ф. 427, кут. 100, *52–ра седница на ИК ЦК СКМ, одржана на 25 август 1963*, 1–7.

[46] ДАРСМ, ф. 427, кут. 99, *48–ма седница на ИК ЦК СКМ, одржана на 3 август 1963*, 378–386.

[47] Andonov, A. "Jugoslavija i UNESKO (1960–1974)", *Perspektiva mladih istraživača sa post-jugoslovenskog prostora,* (2025), 441–443.

ќе бидат санирани со едноставни градежни зафати ќе претставуваат уште побезбедни градби.[48] На крајот Депере посакувајќи и Париз да има таков урбанистички план, сакал да посочи на можноста Градот Скопје, трагичните случувања со вистински одлуки, да ги претвори во можност за квалитетен градски развој.[49] Во наредниот период се до јануари 1964 година, во Скопје пристигнале голем број на експерти, кои работеле на генералниот урбанистички план и помош за отпочнувањето на интензивната градба на станбени капацитети, во пресрет на зимата. Покрај Депере, еден од клучните луѓе, во поставувањето на основите на урбанистичкиот план бил и преставникот на Организацијата на Обединетите Нации (ООН), Морис Ротивал. Ротивал ги одредил стандардите за идните наслеби, по што можело да се започне со градба. Утврдувањето на локациите било вршено врз услови кои предвидувале густина на населението, комуникациската поставеност помеѓу населбите и централното градско подрачје, можноста за изведба на водна и струјна мрежа, можност за извршување на комунални услуги, растојание помеѓу населбите и долгнавеста поставеност на градот, долж реката Вардар.[50] Веќе започнатите населби, како Аеродром, Жданец и Тафталиџе, влегле во рамките на новиот урбанистички план,[51] кој бил проширен и со локациите за Бутел, Ѓорче Петров, Лисиче, Драчево, Влае итн.

И покрај брзата реакција, обезбедувањето на голем број финансиски средства и стручна помош, сепак краткиот временски период до почетокот на студените и врнежливи денови, бил огромен предизвик за градежната оператива и обновувањето на станбените капацитети. Згрижувањето на речиси 130.000 жители, чии домови биле оштетени и барале санација или изградба на потполно нови станбени единици, за македонското стопанство бил огромен притисок и задача, која самостојно не било возможно да се реализира. Сепак со сојузната и странската помош, Скопје заслужено го стекнал називот град на солидарноста.

---

48 Во прилог на својата теза за исплатливоста за поправка на оштетените објекти, Депере ги истакнал обновите во Јапонија, СССР и Марково, каде како ангажиран експерт на УНЕСКО земал учество. Властите во целост ја усвоиле прпеоракатa и заедно со странски експерти пристапиле кон обележување на зградите. – ДАРСМ-ОС, ф. 79, кут. 1, 662.

49 *Нова Македонија*, 13 август 1963, 3.

50 АЈ, ф. 526, кут. 1, 84; АЈ, ф. 526, кут. 3, 115.

51 Веднаш по започнувањето на привремените населби, било внимавано истите да бидат поставени на погодни локации, кои подоцна нема да пречат при изработката на урбанистичкиот план. – ДАРСМ, ф. 427, кут. 99, 49–та седница на ИК ЦК СКМ, одржана на 5 август 1963, 394–399.

## ИЗГРАДБА НА СТАНБЕНИОТ ФОНД, НАТПРЕВАР СО ВРЕМЕТО

Меѓународниот контекст во кој се случил скопскиот земјотрес, влијаел врз голема популаризација на скопската катастрофа и блоковски натпревар во испраќањето помош на Скопје.[52] Собирањето на голем број финансиски средства; монтажни објекти; оперативни инжинерски единици и странски експерти, овозможил реализација, на квалитетно изготвениот урбанистички план и амбизиозната програма за станбеното прашање. Иако со изградба се започнало уште во почетокот на август, сепак до септември 1963 година, сеуште немало голема концентрација на помош околу Скопје, што во теткот на доцната есен и зимата 1964 година, значително ќе се измени.

Амбициозноста помеѓу политичките раководители и странските експерти, кои уверувале во можноста, квалитетно да се постави обновата на градот, со цел овозможување на развој на градот, предизвикувала загриженост кај новиот секретар на партијата Црвенковски. Кон крајот на август, Црвенковски пред партискиот актив на СКМ, изјавил дека е потребно да се јакне чуството на солидарност, но не смее да се претерува и да се остави впечаток дека се прави Бразилија.[53] Веќе кон почетокот на септември Морис Ротивал, експерт на ООН, изготвил план за станбеното прашање. Со овој план се предвидувала изградба на вкупно 13 населби во Скопје, со 14.500 станбени единици и вкупна површина од 830.000 м$^2$.[54] За реализација на планот на Ротивал, директорот на Заводот за обнова на станови, Коле Јордановски, во координација со сојузните служби планирал ангажман на 23 југословенски градежни компа-

[52] Andonov, 60th anniversary of the Skopje earthquake, 103–4.

[53] Изградбата на Бразилија завршила во 1960 година, а градот ја чинел државата огромни средства. Црвенковски со оваа изјава ги земал предвид кревките капацитетите на македонското стопанство, да ја изнесе обновата на свои плеќи. Политичкото раководство не можело да претпостави дека катастрофата ќе се здобие со огромна меѓународна популаризација, која значително придонела во обновата на градот. – ДАРСМ, ф. 427, кут. 100, *52–ра седница на ИК ЦК СКМ,* 9.

[54] Вкупната површина на обележаните црвени и станбени капацитети за рушење, изнесувала 572.250 м$^2$ (види табела), а со проектот на Ротивал била предвидена изградба на вкупно 830.000 м$^2$, нови станбени капацитети. Тоа значело дека биле предвидени 257.760 м$^2$ површина дополнителни станбени капацитети. Односно Скопје од предземјотресната површина, која изнесувала 1.550.609 м$^2$, по земјотресот градот требал да располага со 1.756.182 м$^2$ станбена површина. – AJ, ф. 526, кут. 1, 47.

нии.[55] Амбициозно поставените цели се должеле на итноста до зимата да се изградат што поголем број на станбени единици. До 31 декември 1963 година власттите планирале да изградат 9.500 станови, но кон крајот на октомври биле реализирани само 10% од оваа бројка.[56] Алармантноста на ситуацијата го предизвикала присуството на посебната комисија на ООН,[57] која во ноември месец била присутна во Скопје и извршила увид во градежните активности. Оваа комисија изготвила извештај во кој утврдила метод за следење на изградбата на станови, наречен „бар метода" и утврдила потреба од изградба на 272 километри водовод, 254 километри канализација, 432 километри електрична мрежа, со цел операционализација на станбените единици.[58] До крајот на 1963 година биле изградени 5.061 стан, што предизвикало голем број на семејства да бидат принудени да делат станбен простор.[59] Другите семејства кои не успеале да бидат згрижени, најчесто се вселувале кај свои роднини во Скопје или во другите градови. Иако значителен број на елементи за становите биле поставени, сепак тие не биле во завршна фаза, поради недостигот на градежни работници. Во недостаток на живеалишта, голем број на граѓани започнале самостојно да ги обавуваат завршните фази, со цел операционализација на поставнеите станбени единици и нивно приклучување на струја, вода и канализација.[60]

До крајот на 1963 година, огромна улога изиграла странската помош, посебно советската и американската, чии воени единици биле присутни во Скопје и помагале во расчистувањето на урнатините, обновата на патната инфраструктура и монтирањето на станбените единици.[61] Јосип Броз непосредно пред атентатот на Џон Кенеди, заминал

---

[55] Југословенската оператива, без македонската која целосно била ангажирана во Скопје, требала да изгради 557.000 м², од предвидените 830.000 м² од планот на Ротивал. – АЈ, ф. 526, кут. 1, 45.

[56] АЈ, ф. 526, кут. 1, 48.

[57] Во текот на ноември пристигнала комисијата на ООН, која ја предводел Роберт Фицморис. – АЈ-ф. 526, кут.1, 45.

[58]АЈ, ф. 526, кут. 1, 84.

[59]АЈ, ф. 526, кут. 1, 150.

[60] Тодоров, Петар и Трајановски, Наум. *Скопскиот земјотрес од 1963 година и постземјотресната обнова: лични сведоштва*, ЦИНИК, Скопје, 2021, 185-192.

[61] Повеќе за американската помош види: Додевски, С. "Операцијата Home Run: Акцијата на инжинериската единица на армијата на САД за изградба на објекти за санација на последиците од скопскиот земјотрес од 26 јули 1963 г. (по повод 60 години од скопскиот земјотрес)", *Историја/Journal of History 58.2 (2023),* Здружение на историчари на Република Македонија, 161–185.

во билатерална посета на САД. Кенеди во текот на разговорот истакнал дека е запознаен со станбениот проблем и дека за таа цел САД, биле спремни да донираат монтажни куќи. Тито истакнал дека зимата се приближува, а речиси 120.000 луѓе биле без кров над главата и се заблагодарил на понудената помош.[62]

Огромна улога изиграла и помошта од Советскиот Сојуз, која била насочена токму кон разрешување на станбените и инфраструктурните проблеми. Советскиот Сојуз испратил воена инжинерска единица, која многу помогнала за расчистување на патната инфраструктура, што овозможило поголема ефикасност за расчистување на урнатините и отпочнување на новите градби. Советскиот амбасадор во Југославија, Александар Пузанов го посетил Тито на Бриони и му ветил дека СССР ќе донира фабрика за изработка на монтажни станови.[63] Во период од 15 до 26 август во Скопје бил присутен Владимир Ростоцкин, како водач на експертската делегација, која ја презентирала фабриката за изградба на монтажни станови. Фабриката произведувала два типа на станови, а истите биле еднособни, двособни или трособни. Во текот на 1964 година фабриката изградила 512 стана.[64] При посетата на Скопје, во текот на август Никита Хрушчов, кој во Скопје пристигнал заедно со Тито, ги повторил ветувањата на советските експерти за давање на помош, особено за обновата на станбениот фонд.[65]

Доцната есен 1963 година, била доста тешка, условите за работа се влошиле, а едвај 50% од планот на Ротивал биле реализирани, додека на многу од поставените монтажни објекти, недостасувало соодветно поврзување. Сместувањето во текот на студените месеци било врз основа на сместување на две, поретко и повеќе семејства, во една станбена

---

[62] Монтажните единици „Бутлер“ биле огромни и непрактични за семејства, во нив можеле да се сместат до 20 лица, што ги правело погодни за училишта или пак привремени студентски и ученички домови. Голем дел од овие монтажни единици биле поставени во Шуто Оризари и Топаана. – *Југославија–Сједињене америчке државе. Сусрети и разговори највиших званичника Југославије и САД, 1955–1980*, Приредили: Милошевић, Миладин и Богетић Драган, Архив Југославије, Београд, 2017, 174; Црвенковски и Томовски, *Заробена вистина,* 236.

[63] *Нова Македонија,* 7 август 1963, 1.

[64] АЈ, ф. 526, кут. 1, 94.

[65] Во текот на разговорите, помеѓу Црвенковски, Хрушчов и Тито, генералниот секретар на КПСС извадил парче хартија, на кој нацртал скица на двособен стан. Тито разгледувајќи ја скицата, го прашал Хрушчов, зошто во станот недостасува тоалет, а Хрушчов рекол дека такви биле становите во Донбас, каде тој живеел. Црвенковски, и Томовски, *Заробена вистина,* 235.

единица; сместување кај роднини или пријатели; предвидените диви привремени живеалишта итн. Приоритет биле 83.014 граѓани, чии домови биле категоризирани како срушени или црвени. Дополнителна лоша вест била новата анализа која утврдила дека околу 2000 градби од жолтите нема да може да се санираат.[66] Тоа значело дека власта до крајот на октомври 1963 година успеала да обнови само 4.645 објекти од жолтите и зелените. Санацијата одела тешко, исключиво поради недостигот на механизација и градежни работници ѝ спорото расчистување на урнатините.[67] Во почетокот на 1964 година Скопје располагало со вкупно 20.951 станбена единица, односно околу 8 лица на еден стан. Ваквата драматична ситуација значително ќе се измени со интензивната изградба во текот на 1964 година и првата половина 1965 година.

Во текот на 1964 година со поставувањето на специјален советник на ООН по прашањето за генералниот урбанистички проект за Скопје, на Морис Ротивал се започнала втората фаза од помошта упатена кон Скопје, односно изработка на соодветен урбанистички план.[68] Во анализите на експертите јасно се потенцирала главната препрека за отпочнување на масовното градење – регулацијата на реката Вардар.[69]

Пролетта и летото 1964 година биле важен период, кој требал да се искористи за целосно завршување на предвидените станбени капацитети. Во април 1964 година бил одржан состанок на Комитетот за обнова и изградба на Скопје. На овој состанок биле утврдени приоритети како: довршување на приградските населби; информирање на комитет за странската помош во монтажни објекти; разгледување на урбанистичкото решение; регулацијата на Вардар и информирање на Комитетот за

[66] ДАРСМ, ф. 427, кут. 100, *56–та седница на ИК ЦК СКМ, одржана на 29 октомври 1963*, 110–114.

[67] Во таква ситуација поплодотворна претставувала градбата на новите чисти терени и поставувањето на монтажните елементи за станбени капацитети. Овој зафат иако поскап, сепак ветувал овозможување на поголем станбен простор во пресрет на зимата. Градбата на Ѓорче Петров започнала на 6 август. – *Нова Македонија*, 7 август 1963, 3.

[68] АЈ, ф. 526, кут. 1, 51.

[69] Во текот на 1964 година со низа на градежни зафати, кои вклучувале брани, корита, потпорни ѕидови и насипи, на Маркова Река, Лепенец, изворот Рашче и Вардар долж Скопје, било регулирано течението на Вардар. Проектот за регулација било дело на експертот на УНЕСКО, Никола Амбресис од Лондон. – Andonov, Jugoslavija i UNESKO, 442.

работата на експертите во изработката на деталниот урбанистички план.[70]

Согласно утврдениот приоритет градежните оперативи биле распоредени по населбите. Градежните капацитети на СР Словенија, ја граделе населбата Влае.[71] СР Хрватска учествувала во изградбата на Маџари и Железара, Србија ја градела населбата Драчево. Босна и Херцеговина Бутел 1, а градежната оператива на Црна Гора населбата Лисиче. Оперативата на СР Македонија и помошта од странство биле предвидени за изградба на наслебите Тафталиџе, Ѓорче Петров, Бутел 2, 11 Октомври, Пржино, Водно и Ацетиленка.[72] Наслебата Аеродром била градена од оперативата на ЈНА, а средствата за изградба на оваа населба биле дадени од фондовите на армијата.[73]

Веќе до јуни 1964 година биле изградени 13.674 станбени единици, од кои 6837 стана биле употребливи за трајно живеење.[74] До крајот на 1964 година, биле санирани 11.759 станбени единици, а во јуни 1965 останале уште 1000 кои не биле санирани, овие објекти се наоѓале во Топана, Чаир и наслебата Острово.[75]

Во почетокот на 1965 година изградбата на приградските населби, била насекаде во завршна фаза. До крајот на годината властите изготвиле извештаи со кои се давале детални податоци за целиот процес на обнова на станбениот фонд. Во текот на речиси две години биле изградени 13.812 стана. Од оваа бројка 9.953 стана биле изградени од ју-

[70] На овој состанок присуствувале највисоките функционери во СР Македонија, Крсте Црвенковски, Видое Смилевски –Бато, Љупчо Арсов, Асен Симитчиев, Кемал Сејфула, Благоја Попов, генералот Анте Банина, Трајко Стојков и инжинерот Кочо Китановски. – АЈ, ф. 526, кут. 3, 56.

[71] СР Словенија учествувала со фирмите „Едилит“, „Јеловица“, „Марлес Термика“ и „Градис“, а план за населбата направил Урбанистичкиот завод на Љубљана. – Нова Македонија, 13 август 1963, 3.

[72] АЈ, ф. 526, кут. 1, 85.

[73] За изградбата на оваа населба и други воени објекти армијата одвоила 23.460.000 нови динари. Евидентна е брзината со која напредувала оваа населба во однос на другите, а истото се должи на ефективноста која армијата ја поседувала. До есента 1963 година во Аеродром биле изградени 8 училници со површина од 864 $м^2$, две детски градинки, здравствена станица, самопослуги, тротоари, пешачки стази, надворешна водоводна мрежа, канализација, електрична мрежа, улично осветлување, трафостаници, паркови и 1306 стана со површина од 45.488 $м^2$. – АЈ, ф. 526, кут. 1, 240.

[74] АЈ, ф. 526, кут. 1, 136.

[75] АЈ, ф. 526, кут. 1, 205.

гословенската оператива,[76] а останатите биле донации од странство. Велика Британија донирала 1.310 монтажни станови од типот „Дексион“, кој биле поставени во населбата Ѓорче Петров. Финска донирала 1.635 станбени единици, Чехословачка 40, Полска 10,[77] Италија 10, а останатите 914 стана биле резултат на помошта испратена од САД, СССР, Австрија, Романија, Германија, Данска, Швајцарија, Норвешка, Мексико, Франција итн.[78] Од вкупно изградените 13.812 стана, во населбата Ѓорче Петров биле изградени 804 стана, Влае 997 стана, Тафталиџе 1169, Козле 1046, Водно 148, Лисиче 1022, 11 Октомври 342 стана, Пржино 239, Ацитиленка 178, Маџари 1801, Железара 489, Бутел 1868 стана, Шуто Оризари 268, Драчево 1965 и Аеродром 1306 станбени единици.[79]

Во април 1965 година највисокиот политички актив на СКМ констатирал дека биле создадени услови за сместување на 120.000 лица, додека во градба биле уште 1000 станови, а имало извесен број на објекти кои сеуште чекале на санација, но кризата со станбеното прашање била надмината, а големите средства и интензивната изградба започнале да нудат подобри станбени услови, отколку пред земјотресот.[80]

## РЕШЕНИЕ НА СТАНБЕНОТО ПРАШАЊЕ: КАКО ДО НОВ СТАН?

Економското оптоварување врз кревкото македонско стопанство од штетите од земјотресот било огромно. Дополнително целото југословенско стопанство имало сериозни потешкотии, а тие произлегувале од два фактора. Воведувањето на самоуправниот модел диктирало промени во општествено–економските состојби во земјата. Промената во надворешно политичкиот курс, изразен со „неврзаната“ политика, предизвикал губење на економската помош од САД, со која во 50–тите години Југославија успеала да оствари значителен економски напредок.[81] Напо-

---

[76] Вклучително и оперативата на СР Македонија.

[77] Мирчевска, К. и Јанчева, Љ. “Полската помош во обновата и изградбата на Скопје по земјотресот од 1963 година”, *Историја/ Journal of History 48.1 (2013),* Здружение на историчари на Република Македонија, Скопје, 239–246.

[78] АЈ, ф. 526, кут. 1, 200.

[79] АЈ, ф. 526, кут. 1, 196.

[80] ДАРСМ, ф. 427, кут. 145, 2–ра седница на ИК ЦК СКМ, одржана на 26 април 1965, 68–99.

[81] Игрутиновић, Ј. Милан. *Југословенско-американскиекономски односи (1954–1968),* Докторска дисертација. Универзитет у Београду, Филозофски факултет, Београд, 2018, 300–303.

редно се одвивала и економската реформа, позната и како „мала реформа“, со кое југословенската економија се отворила, започнало влегувањето на девизите и заминување на голем број работници во странство. Во периодот од 1961 до 1963 година економскиот стандард значително опаднал, инфлацијата растела, а со неа и цените. Земјоделските продукти поскапеле за 66%, а индустриските продукти за 15%.[82] Трошоците за храна се зголемиле за 24%, облеката и обувките за 11%, тутунот и пијалоците за 15% и трошоците за домување за 24%.[83]До крајот на 1965 година настапило сеопшто поскапување од 35%, со што животниот стандард значително опаднал.[84] Овие негативни економски трендови значително влијаеле врз станбената политика во југословенското општество. Во Скопје општото поскапување имало улога врз станбениот проблем, но големата помош и интензивната изградба, овозможиле релативно полесно вдомување, за разлика од граѓаните во останатите републики.

Надлежните институции кои биле задолжени за обновата и изградбата на станбениот фонд направиле сериозни напори за ефикасно разрешување на станбеното прашање. Надминувањето на предизвиците со станбеното прашање било проследено со: финансиски средства за поправка на оштетените приватни домови; усвојување на Законот за оформување на Фонд за обнова и изградба на Скопје; Законот за народен заем и низа на други законски измени за разни финансиски рамки; усогласувањето на финансиските процедури за помошта од странство итн.[85]

Со изградбата на првите станбени единици, градските власти веднаш распишале конкурс.[86] На овој конкурс, кој бил распишан на 11

[82] Кежић, Политичке последице економских реформи 60-их, 16–17.

[83] Добривојевић, Југословени о сиромаштву 1964, 212.

[84]Ачкоска, Виолета. *Лекции од историјата на современата македонска држава*, Филозофски факултет, Скопје, 2011, 159.

[85] АЈ, ф. 526, кут. 1, 2.

[86] На седница на собранието на општина Идадија, одржано на 14 октомври 1963 година, општинскиот одборник д-р Ненад Марковиќ, развил дискусија по прашање на новите станови. Членот на собранието поставил прашања дали се утврдени критериумите по кои ќе се добиваат становите, дали има можност за добивање на јасна информација за изградбата на приградските населби и по колку стана работните организации ќе добијат. Прашањата биле суштински и важни, особено затоа што во тек на овој месец изградбата значително стагнирала, што било увидено и од страна на странските експерти од ООН. Сепак инжинерот Папеш и претседателот на собранието Димишковски, одговориле дека во оваа фаза е рано и е најважно сите капацитети да се насочат кон изградбата на станбените капацитети. –

февруари 1964 година, биле јасно определени условите под кои може да се поднесе барање за стан. На конкурсот можеле да се пријават граѓаните кои пред 26 јули биле жители на Скопје, а доколку не биле, било потребно да бидат неопходни за обновата на градот. Првенство на добивање на стан имале оние граѓани чии домови биле урнати или црвени, вклучително и на лицата - чии домови биле оштетени во поплавата од 1962 година.[87]

Финансиската рамка за стекнување на нов дом, била уредена со низа на прописи. Скопјани становите ги купувале со државна субвенција од 35%, а останатиот дел бил одреден врз барателот на стан, во зависност од неговиот личен доход и во зависност од населбата во која се бара стан.[88] Доколку барателот на нов стан, имал примања помали од 30.000 динари, се задолжувал со 10 до 30% учество. Сите кредити кои биле доделувани во врска со земјотресот, имале рок на отплата 40 години, со 1% каматна стапка годишно.[89] За стекнување со нов стан, била уредена методологија, за процентот на учество, одредени врз основа на: локацијата, комфорот, опременоста и квалитетот.[90] Најголемо учество се барало за становите во населбите Тафталиџе, Козле и Влае, односно 30% од вкупната вредност.[91] Становите во населбите Железара и 11 Октомври се откупувале со учество од 25%, а во Пржино со учество од 20%. Во наслебите Бутел, Ѓорче Петров, Лисиче и Маџари, се барало 15% од вредноста, за стекнување на стан. Најниска стапка на учество се барало за становите во Драчево, за чиј откуп, биле потребни 10%.[92] Во овој период државата и покрај силниот интервенционизам не успеала да го сопре поскапувањето на квадратот. Просечната цена за 1м$^2$ достигнала 80.000

ДАРСМ-ОС, фонд Собрание на општина Идадија народен одбор на општина Идадија (18), кут. 1, 601–602.

[87]АЈ, ф. 526, кут. 1, 81.

[88] АЈ, ф. 526, кут. 1, 173.

[89] Доколку граѓаните немале можност за подигање на станбен кредит, имале можност- за подигнување на потрошувачки кредит, кој бил обезбедуван со помош на работната организација. Потрошувачките кредити од страна на Комуналната и Народната банка, во перидот по земјотресот – биле намалени на 1% годишна камата, а средствата добивани од овие кредити банките препорачувале граѓаните да ги трошат за уплати за добивање на стан. – АЈ, ф. 526, кут. 1, 201.

[90] ДАРСМ, ф. 427, кут. 100, *56–та седница на ИК ЦК СКМ, одржана на 29 октомври 1963*, 120.

[91] Предимно градени од градежната оператива на СР Словенија и странската помош. Види фуснота 71.

[92] АЈ, ф. 526, кут. 1, 80–88.

динари, а пред земјотресот, била 50.000 динари.[93] Државата при калкулациите за финансиските рамки 1 м$^2$ станбена површина ја ценела 100.000 динари.[94] Кон крајот на 1964 година, на конкурсот за откуп на станови биле понудени 11.595 станбени единици. Овие станови биле откупени од страна на општинските собранија 1.131 стан, 4.800 биле откупени од граѓани, 3.908 стана откупиле работните организации, кои подоцна низ постапка внатре во самата организација, ги распределувале на вработените.[95] Додека 1.647 стана биле доделени на луѓе чии домови, морале да бидат урнати, заради реализација на урбанистичкиот план, овие луѓе своите нови домови ги добиле без учество.[96]

Покрај тешката економска ситуација и огромните разурнувања, Скопје успеало да ја надмине станбената криза. Благодарение на големата странска помош и ангажираност на сојузното ниво,[97] Скопје од 8,2 м$^2$, по земјотресот имал просек од 10,3 м$^2$ по глава на жител. Просекот на квадрат стан од 44,5, достигнал 50 м$^2$.[98] Дополнително градот се здобил со солидна инфраструктура, стручна документација, идејно решение за централното градско подрачје, сеизмолошки институт[99] и низа на други стопанско–општествени капацитети, кои преставувале здрава основа за понатамошен развој на градот.[100]

Ниските вредности на квалитетно домување, кои биле изразити во Скопје, сè до земјотресот, по обновата на градот, речиси ги достигна-

---

[93] Просечната плата на југословенскиот работник во 1963 година изнесувала 28.000 динари. Цената зависела и од локацијата, така кавдратот во Карпош 2 бил околу 60.000 денари. – АЈ, ф. 526, кут. 1, 203; ДАРСМ, 427, 100, *56–та седница на ИК ЦК СКМ, одржана на 29 октомври 1963*, 106.

[94] ДАРСМ, ф. 427, кут. 145, *2–ра седница на ИК ЦК СКМ, одржана на 26 април 1965*, 108.

[95] Во своите мемоари Крсте Црвенковски ја оценил како погрешна одлуката 1.131 станбена единица да бидат откупени од општините и да останат во државна сопственост. – Црвенковски, и Томовски, *Заробена вистина,* 237.

[96] АЈ, ф. 526, кут. 1, 202.

[97] Катастрофалниот земјотрес во Бања Лука, во 1969 година, ниту од сојузните органи, ниту од меѓународната заедница, не добил помош во размерот на Скопје. – Mujanović, Mihad. *I zemlja se potrese, odjek zemljotresa u Skoplju 1963. godine i Bosanskoj krajini 1969. godine*, UMHIS, Sarajevo, 2019, 143–148.

[98] ДАРСМ, ф. 427, кут. 145, *2–ра седница на ИК ЦК СКМ, одржана на 26 април 1965*, 132–139.

[99] АЈ, фонд Савезни Секретаријат за образовање и културу (318), кут. 251, Pismo Stalnog predstavnika SFRJ pri UNESCO, Ljubice Stanimirović, 1. Поопширно за меѓународната помош при основањето на Сеизмолошкиот институт види: Andonov, Jugoslavija i UNESKO, 443.

[100] *Your aid to Skopje, the shaping of the central area.* Katalog, Ed: Ivan Toševski, Gradsko sobranie na Skopje, Skopje, 1966.

ла југословенските стандарди. Во 1971 година југословенскиот граѓанин располагал со 13 $м^2$,[101] а жител на Скопје со 12,4 $м^2$ станбена површина. Имајќи ја предвид разликата од 1953 година, кога југословенскиот просек бил 10.5 по глава на жител, а скопскиот 7 $м^2$, евидентно е пообрувањето на условите за домување во СР Македонија, по акцијата за обнова на градот.[102]

## ЗАКЛУЧОК

Станбеното прашање претставувало генерален проблем, веднаш по завршувањето на Втората светска војна. Истото, третирано во рамки на првиот петгодишен план, во цврсти идеолошки рамки, предизвикал пад на стандардите за домување, со што проблемот бил голем товар на југословенското општество. Со промената на станбената политика во 1955 година, станбените услови започнале да се подобруваат. Сепак Скопје било погодено од две природни непогоди во рок од две години, што предизвикало огромни штети по и онака слабите станбени и инфраструктурни капацитети.

Обновата на Скопје била болна и тешка, за еден млад државен организам како социјалистичка Македонија. Но, огромната помош на сојузно ниво, која се совпаднала со кулминацијата на внатрепартиските борби за новото уставно решение, кое наметнувало прашања за уште поголемо децентрализирање или централизирање на државата, особено по уставните реформи од 50–тите години. Придонело за силна демонстрација на братството и единството во моментите на скопската трагедија.

Странската помош, претставувала еден од клучните фактори при обновата на градот. Забраната за нуклеарни тестирања, која се случила по Кубанската криза, ја отвориле и другата страна на Студената војна, која не се одликувала со војната супериорност, туку со техничката подготвеност и технолошката супериорност. Хуманитарната катастрофа било пропагандно–медиумски погоден момент за искажување на супериорност, а скопската трагедија, се случила во момент, кога пропагандните ефекти биле потребни. Освен од блоковите, помош пристигала и

[101] Petranović, Branko. *Istorija Jugoslavije 1918–1988,* 422.

[102] *РЗС Статистички годишници од пописот на населението во: 1948, 1953, 1961, 1971, 1981 година. Некои податоци за населението, домаќинствата и становите по општини и месни заедници конечни податоци, статистички преглед бр.131,* Скопје, 1983.

од земјите на „неврзаните", каде Југославија била една од државите иницијатори на движењето.

Изградбата на големиот број на станбени капацитети и државното субвенционирање преку Фондот за обнова и изградба на Скопје, овозможиле релативно полесно разрешување на станбеното прашање во СРМ, отколку во останатите делови на Југославија.

## БИБЛИОГРАФИЈА


*Необјавени извори:*

Архив на Југославија (АЈ): Ф. 117, *Савез синдиката Југославије*; Ф. 526, *Фонд за обнова и изградњу Скопља*; Ф. 318, *Савезни Секретаријат за образовање и културу.*

Државен Архив на Република Северна Македонија (ДАРСМ): Ф. 427 *Централен Комитет на Сојуз на Комунисти на Македонија Скопје.*

Државен Архив на Република Северна Македонија – Одделение Скопје (ДАРСМ-ОС): Ф. 79, *Фонд за помагање на обновата на Скопје*; Ф. 18, *Собрание на општина Идадија народен одбор на општина Идадија.*

*Објавени извори:*

*Program Saveza Komunista Jugoslavije, usvojen na sedmom kongresu SKJ, 22-26 april 1958,* Komunist, Beograd, 1976.

*Југославија–Сједињене америчке државе. Сусрети и разговори највиших званичника Југославије и САД, 1955–1980.* Приредили: Милошевић, Миладин и Богетић Драган, Архив Југославије, Београд, 2017.

*РЗС Статистички годишници од пописот на населението во: 1948, 1953, 1961, 1971, 1981 година. Некои податоци за населението, домаќинствата и становите по општини и месни заедници конечни податоци, статистички преглед бр.131.* Скопје, 1983.

https://www.un.org/en/about-us/universal-declaration-of-human-rights

*Литература:*

ANDONOV, Aleksandar. 60th anniversary of the Skopje earthquake, the city of international solidarity. *Solidarity – from overcoming crisis to sustainable development*, edited by: Nenad Markovikj and Ivan Damjanovski, Skopje, UNDP North Macedonia, 2023.

ANDONOV, Aleksandar. Jugoslavija i UNESKO (1960–1974), *Perspektiva mladih istraživača sa post-jugoslovenskog prostora, Ur: Lompar, Dimić Natalija; Tomić, Ognjen; Koneski, Nikola,* INIS, Beograd, 2025.

АЧКОСКА, Виолета. *Лекции од историјата на современата македонска држава,* Филозофски факултет, Скопје, 2011.

АЧКОСКА, Виолета. *Аграрот и селото во Македонија 1945–1955.* Докторска дисертација, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски Факултет, Скопје, 1993, 328–340.

GINIĆ, Ivana. *Dinamika urbanizacije u Jugoslaviji.* Institut Društvenih nauka, Beograd, 1971.

DOBRIVOJEVIĆ, Ivana. Stambene prilike u jugoslovenskim gradovima 1945-1955. *Istorija 20. Veka 2/2012*, ISI, Beograd.

ДОБРИВОЈЕВИЋ, Ивана. Југословени о сиромаштву 1964. Трагом једног документа. *Токови Историје 2/2016*, ИНИС, Београд.

ДОДЕВСКИ, Сашо. Операцијата Home Run: Акцијата на инжинерискаta единица на армијата на САД за изградба на објекти за санација на последиците од скопскиот земјотрес од 26 јули 1963 г. (по повод 60 години од скопскиот земјотрес). *Историја/Journal of History 58.2 (2023).* Здружение на историчари на Република Македонија, Скопје.

*Значајни личности за Битола*, НУУБ „Св. Климент Охридски“, Битола, 2010.

ИЛИЕВСКИ, Борче. *Етничките и демографските промени на територијата на денешна Република Македонија во периодот 1912–1994, низ статистички податоци и архивски материјали.* Докторска дисертација, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски Факултет, Скопје, 2007.

ИГРУТИНОВИЋ, Ј. Милан. *Југословенско-америчкиекономски односи (1954-1968), докторска дисертација.* Универзитет у Београду, Филозофски факултет, Београд, 2018.

ЈОРДАНОВСКИ, Коле. *Скопје: катастрофа, обнова, искуство.* Скопје, Матица македонска, 1993.

КЕЖИЋ, Данијел. Политичке последице економских реформи 60-их година у СФРЈ. Од дезинтеграције економског система до конфедерализације Југославије (1961–1971). *Токови Историје 2/2017*, ИНИС, Београд.

MARKOVIĆ, Predrag. Ideologija standarda jugoslovenskog režima 1948-1965. *Tokovi Istorije 1-2/1996*, INIS, Beograd.

МИЛАНОВСКА, Билјана. Станбената политика и домувањето во социјалистичка Македонија. *ЕтноАнтропоЗум*, Институт за етнологија и антропологија УКИМ, Скопје, 2017, 254–256.

МИРЧЕВСКА, Катерина и ЈАНЧЕВА, Љубица. Полската помош во обновата и изградбата на Скопје по земјотресот од 1963 година. *Историја/Journal of History 48.1 (2013).*, Здружение на историчари на Република Македонија, Скопје.

MUJANOVIĆ, Mihad. *I zemlja se potrese, odjek zemljotresa u Skoplju 1963. godine i Bosanskoj krajini 1969. godine*, UMHIS, Sarajevo, 2019.

PETRANOVIĆ, Branko. *Istorija Jugoslavije 1918–1988, treća knjiga, socijalistička Jugoslavija 1945–1988.* Nolit, Beograd, 1988.

PETROVIĆ, Mina. Sociologija *stanovanja, stambena politika: izazovi i mogućnosti.* Institut za sociološka istraživanja Filozofskog fakulteta u Beogradu, Beograd, 2004.

РАДИЧЕСКИ, Невен. Поплавите во НР Македонија во 1962 година низ страниците на „Нова Македонија“, *Историја/Journal of History 57.1 (2022)*, Здружение на историчари на Република Македонија, Скопје, 253.

ТИМОТИЈЕВИЋ, Милош. *Модернизација балканског града (1944–1989): Компаративна анализа развоја Чачка и Благоевграда у епохи социјализма.* Народни Музеј Чачак, 2012

ТОДОРОВ, Петар и ТРАЈАНОВСКИ, Наум. *Скопскиот земјотрес од 1963 година и постземјотресната обнова: лични сведоштва.* ЦИНИК, Скопје, 2021.

ФИЛИП, Јован. *Подводни гребени на политиката: разговори со Крсте Црвенковски*, Македонско радио, Скопје, 1993.

ЦРВЕНКОВСКИ Крсте и ТОМОВСКИ Мирче, Заробена вистина, Култура, Скопје, 2003.

ЂУРОВИЋ, Радомир. Утицај законодавства о грађењу и урбанизму на право својине на непрокетностима, *Анали Правног факултета у Београду, Вол. 13, Свеска 1–2*. Београд, 1965.

ĐILAS, Milovan. *Druženje s Tito.,* Svedočanstva, Beograd, 1980.

*Your aid to Skopje, the shaping of the central area.* Katalog, Ed: Ivan Toševski, Gradsko sobranie na Skopje, Skopje, 1966.

*Периодика:*

*Борба*, Београд. (1953–1955; 1960)
*Нова Македонија*, Скопје. (1960; 1963)

Aleksandar ANDONOV
aleksandar7andonov@gmail.com

## THE HOUSING QUESTION AND THE SKOPJE EARTHQUAKE

(summary)

The housing problem represented one of the most pressing social issues in Yugoslavia from the end of the Second World War onward. The initial phase of post-war reconstruction unfolded within a Soviet ideological and institutional framework, which shaped housing policies according to the Soviet model. Instead of improving conditions, this approach often aggravated the housing crisis, as the rigid planning system and state monopolization of construction limited both supply and diversity of dwellings.

Following the Yugoslav–Soviet split in 1948 and the gradual reorientation of domestic policies, a decisive shift occurred in the mid-1950s. By 1955, Yugoslavia had begun to allow more space for private initiative in housing construction. The legalization of private house building, combined with rising construction costs, alleviated the most acute aspects of the housing shortage in many parts of the country. However, this general improvement did not extend to Skopje, which faced unique challenges due to two devastating natural disasters that severely damaged its housing stock.

The most catastrophic event was the Skopje earthquake of 1963, which left approximately 130,000 residents homeless just as autumn and winter were approaching. The prospect of a mass humanitarian crisis required an urgent and coordina-

ted response. Federal support proved crucial in addressing immediate needs, both materially and symbolically. Aid mobilization was framed within the dominant Yugoslav narrative of "brotherhood and unity," which, at the time, also resonated with debates surrounding the adoption of a new constitution, that divided the political leadership. The disaster thus became an opportunity to reaffirm the strength and solidarity of the Yugoslav federation.

The earthquake also carried significant geopolitical implications. By the early 1960s, the Cold War had entered a phase where the superpowers increasingly emphasized technological, scientific, and organizational superiority rather than purely military dominance. In this context, Skopje's reconstruction became an arena where both blocs could demonstrate their technical and humanitarian capacities. International assistance poured in not only from East and West but also from countries of the developing world, reflecting Yugoslavia's active role in founding and promoting the Non-Aligned Movement. Contributions from third-world states underscored the global dimension of solidarity with Skopje, while also strengthening Yugoslavia's international standing.

The combined efforts of the federal government, foreign donors, and international organizations accelerated the city's recovery. Skopje's reconstruction was not merely a local response to crisis but a showcase of Yugoslavia's political model, its diplomatic balancing act, and its capacity to mobilize both domestic and international resources. By 1971, less than a decade after the earthquake, the city had managed to reach the national average in terms of housing provision. This marked a remarkable turnaround, considering that in the 1950s Skopje had lagged significantly behind other regions.

The case of Skopje illustrates how the housing question in socialist Yugoslavia was not only a socioeconomic challenge but also a stage upon which broader ideological, constitutional, and geopolitical struggles played out. The reconstruction of the city after 1963 highlights the intersection of domestic reforms, federal solidarity, Cold War rivalries, and the emerging Non-Aligned Movement, all of which converged to reshape the urban and social landscape of the Macedonian capital.